РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
Технолошко-технички факултет - Велес
Бр. 08-472/2
25.09. 2019 год.
Велес

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица
-заштитно друштво за производство трговија и услуги
АНДОНОВ ДООЕЛ
Бр. 0307-275
26.09. 2019 год.
Св. Николе

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 25.09.2019 година помеѓу:

**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Димитар Влахов" бб, 1400 Велес, претставуван од Деканот Вонр.проф.д-р Татјана Калевска и
**2.АНДОНОВ ДООЕЛ ТД**, со седиште на ул.„Пионерска" бр.14, Свети Николе, претставувано од Управителот Александар Андонов.

1.Предмет на овој Меморандум е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-технички факултет Велес и АНДОНОВ ДООЕЛ ТД.

2.АНДОНОВ ДООЕЛ ТД согласно можностите за потребите на студентите на Технолошко-технички факултет Велес, ќе овозможи изведување на студентска пракса и изработка на завршни трудови и други видови соработка со меѓусебен договор.

3.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува студентската пракса, изработката на завршни трудови и другата меѓусебна соработка, навремено да ги договори и прецизира.

4.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува логото и името на АНДОНОВ ДООЕЛ ТД, да го објави на web страната и на промотивниот материјал на факултетот.

5.Овој Меморандум за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

6.Овој Меморандум за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **АНДОНОВ ДООЕЛ ТД** |
| Д е к а н | У п р а в и т е л |
| Вонр.проф.д-р Татјана Калевска | Александар Андонов |
| ____________________ | ____________________ |